20182183910

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 83 став (3), 84 став (1) и (2) и 87 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018) и член 124 став (3), 125 став (1) и (2) и 128 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на ден 26.11.2018 година донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ И ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/2008 и 55/2013) во членот 6 став (5) зборовите: „кој на предлог на пензиското друштво е одобрен“се заменуваат со зборовите: „по насоки дадени“.

Член 2

Во член 8 став (1) во точката а) се менува и гласи:

„отворените инвестициони фондови се проценуваат според вредноста на уделот утврдена за датумот на проценка, а објавена од страна на Комисијата за хартии од вредност или Македонска берза на хартии од вредност;

Во точката б) зборовите: „нето средствата по акција“ се заменуваат со зборовите: „акцијата“.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) По исклучок од став (1) точката а) од овој член друштвото може да ја користи последно објавената вредност по удел во инвестиционен фонд. Во ваков случај друштвото треба веднаш, по електронски пат, да ја извести Агенцијата за преземените активности.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1259/5
27 ноември 2018 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
Максуд Али, с.р.